РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 28. 02. 2022 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 969/1 | | |

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 01-149/2
25.02.2022 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

**ДО:/ DREJTUAR:**
**Собрание на Република Северна Македонија/ Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
Бул. 11 Октомври 10, 1000 Скопје/ Bul. 11 Tetori 10, 1000 Shkup

**ПРЕДМЕТ:/LËNDA:**
**Годишен извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција за 2021 година**
**Raport vjetor për punën e Agjensisë Teknike Operative për vitin 2021**

Почитуван претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
I nderuar kryetar i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut,

Во прилог на овој допис, а врз основа на член 7 од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) до Собранието на Република Северна Македонија го доставувам за разгледување Годишниот извештај за работењето на ОТА за 2021 година заведен под број 01-149/1 од 25.02.2022 година.

Në shtojcë të kësaj shkrese, ndërsa në bazë të nenit 7 të Ligjit për Agjensinë Teknike Operative ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 71/18, dhe "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 98/19 ), në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut e dorëzoj për shqyrtim Raportin vjetor për punën e ATO-s për vitin 2021 i arkivuar me numër 01-149/1 nga 25.02.2022.

За сите потребни прашања и образложенија останувам на располагање.

Për të gjitha pyetjet dhe arsyetimet jam në dispozicion.

Со почит,
Me respekt,

ОПЕРАТИВНО ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА
AGJENSIA TEKNIKE OPERATIVE

ДИРЕКТОР,
DREJTORI,
Зоран Ангеловски
Zoran Angellovski

**Прилог:** Годишен извештај за работењето на ОТА за 2021 година број 01-149/1 од 25.02.2022
**Shtojcë:** Raporti vjetor për punën e ATO-s për vitin 2021 me numër arkiv 01-149/1 nga 25.02.2022

Изработено во два (2) примерока и доставено до:/Punuar në 2 (dy) ekzemplarë origjinal dhe parashtruar te:

- писарница на ОТА/ Zyra e prtokollimit të ATO-s
- Собрание на РСМ/ Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 01-149/1
25.02.2022 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

**Република Северна Македонија**
**ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE**

OTA

**Republic of North Macedonia**
**OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ
# ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје,
февруари, 2022 година

Република Северна Македонија
**ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE**

OTA

**Republic of North Macedonia**
**OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY**

Врз основа на член 7 од Законот за Оперативно-техничката агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 – понатаму во текстот: ЗОТА), директорот на Оперативно-техничката агенција Скопје (во натамошниот текст – ОТА), го донесе и го доставува на разгледување на Собранието на Република Северна Македонија следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Оперативно-техничката агенција е самостоен и независен државен орган, основан со Законот за Оперативно-техничка агенција, со кој закон покрај основањето на ОТА, се уредуваат и надлежностите, раководењето, правата и обврските од работен однос на работниците во ОТА, стручниот надзор и финансирањето на ОТА.

Согласно со законските одреби, директорот на ОТА го доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија овој годишен извештај за работата на ОТА за претходната 2021 година.

## II. БРОЈ НА АКТИВИРАНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ОРГАНИ

Во текот на 2021 година, за потребите на овластените органи во Република Северна Македонија, ОТА технички посредуваше во:

- 471 нови активирања на мерката следење на комуникациите и
- 342 продолжувања на мерката следење на комуникациите.

## III. БРОЈ НА АКТИВИРАНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА СЕКОЈ ОВЛАСТЕН ОРГАН ОДДЕЛНО

Од наведениот вкупен број од 471 нови активирања на мерката следење на комуникациите со техничко посредство на ОТА во 2021 година:

- 292 активирања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на Министерството за внатрешни работи и
- 12 активирања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на Јавно обвинителство.

Од наведените 342 продолжувања на мерката следење на комуникациите со техничко посредство на ОТА во 2021 година:

- 172 продолжувања на мерката следење на комуникациите беа за потребите на Министерството за внатрешни работи.

## IV. СОСТОЈБА И КОНСТАТИРАНИ НАОДИ ПРИ ИЗВРШЕНИТЕ СТРУЧНИ НАДЗОРИ ОД СТРАНА НА ОТА НАД РАБОТАТА НА ОПЕРАТОРИТЕ

Во текот на 2021 година во рамки на тековните активности за вршење на законските надлежности, Оперативно-техничката агенција во континуитет спроведуваше планиран и вонреден надзор во работата на операторите во врска со исполнување на техничките услови и применетите мерки и стандарди предвидени со важечката регулатива при следење на електронските комуникации.

Во 2021 година се реализираше проектот за надградба на системот за следење на комуникациите, односно интеграција на сите сервиси (говорен и податочен сообраќај).

Активностите што се одвиваа при реализацијата на овој проект овозможија систематско испитување и преглед на состојбите кај мрежните елементи кои се дел од процесот на следење на комуникациите. Во рамките на спомenатите активности, надлежните лица од ОТА имаа можност да ја увидат расположливата инфраструктура, исполнетоста на техничките услови и применетите мерки предвидени со закон и подзаконските акти. Согласно утврденото, доставени се побарувања до операторите за постапување и овозможување на технички услови што ги наметнува технолошкиот напредок во областа на телекомуникациите и референтните закони.

Согласно законски предвидените обврски и Планот за вршење надзор од Комисијата за вршење стручен надзор над операторите во ОТА, во текот на 2021 година спроведени се четири (4) редовни стручни надзори и тоа кај телекомуникациските оператори: Македонски телеком, А1 Македонија, Неотел и Телекабел. Предметот на надзор беше определен со цел утврдување на состојбите кај операторите, употребата на техничката опрема и комуникациски водови кои служат за поврзување на ОТА и операторите, како и плановите за развој и примена на нови технологии што би имале импакт врз обезбедување на неопходните услови со кои се овозможува следење на комуникациите со посредство на ОТА. Соодветни извештаи од спроведените надзори се доставени до операторите, Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија, до Владата на Република Северна Македонија и до Агенцијата за електронски комуникации.

## V. БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ ЗА РАБОТНИЦИ ВО ОТА

Во текот на 2021 година во ОТА не беа спроведени дисциплински постапки.

**Република Северна Македонија**
**ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE**

OTA

**Republic of North Macedonia**
**OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY**

## VI. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОТА

**Финансирање**

Согласно со член 33 од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 понатаму во текстот: ЗОТА) средствата за плата, надоместоци и додатоци на плата, за работа, унапредување, модернизација и опремување на ОТА, како и за стимулирање на работниците во ОТА, предвидени со годишниот финансиски план на ОТА, се обезбедуваат:

- од надоместоците на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, согласно со член 29-а Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 153/19 и 92/21 понатаму во текстот: ЗЕК), врз основа на претходно одобрен годишен финансиски план на ОТА од страна на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија (т.н.расходи од самофинансирачки активности)
- и од Буџетот на Република Северна Македонија (т.н. расходи од основен буџет).

**Буџет на ОТА за 2021 година**

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 307/2020) на Оперативно-техничката агенција ѝ беше обезбеден буџет за 2021 година во износ од 139.725 илјади денари, од кои како расходи од основен буџет беше предвиден износ од 53.725 илјади денари, а како расходи од самофинансирачки активности (надоместоци од АЕК согласно со ЗЕК) беше предвиден износ од 86.000 илјади денари.

Дополнително, остатокот од средствата од расходи од самофинансирачки активности според последниот извод за 2020 година во расположлив износ од 49.082.632,00 денари, согласно со член 37- б, став 6 од Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната 2021 година.Во таа смисла Министерството за финансии одобри проширување на на Буџетот на ОТА за 2021 година за посочениот износ, поточно проширување на расходите од самофинансирачки активности (надоместоци од АЕК согласно со ЗЕК) за 2021 година на вкупен износ од 116.033 илјади денари.

Во соработка со Министерството за правда и останатите релевантни институции и органи

соодветно законско, безбедно и ефикасно решение за унапредување и дигитализирање на процесот за спроведување на мерката за следење на електронските комуникации, како и спроведени истражувања и анализи и изготвен и одобрен проект – техничко решение за дигитализација на инволвираните институции во процесот, Агенцијата за електронските комуникации (АЕК) обезбеди донација, при што Оперативно-техничката агенција беше назначена за координацијата на проектот. За таа цел, Министерството за финансии со Одобрение изврши проширување на буџетот на ОТА на посебна (донациска) сметка за посочената намена во износ од 45.000 илјади денари (т.н. расходи од донации).

По наведените проширувања, вкупниот одобрен Буџет на Оперативно-техничката агенција за 2021 година изнесуваше 214.758 илјади денари.

Со Законот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на РСМ" бр. 171/21) Буџетот на Оперативно-техничка агенција за 2021 година беше намален во делот на расходите од основниот буџет за износ од 7.740 илјади денари, при што вкупниот Буџет на ОТА за 2021 година беше одобрен на износ од 207.018 илјади денари.

**Реализација на буџетот на ОТА за 2021 година**

Од вкупно одобрените средства во Буџетот, од страна на Оперативно-техничката агенција во 2021 година беа реализирани средства во вкупен износ од 144.675.148,00, при што:

- од расходите на основен буџет во 2021 година реализирани се 44.479.324,00 денари, што претставува 96,73% од вкупниот износ на одобрени средстава;
- од расходите од самофинансирачки активности, во 2021 година реализирани се 69.347.490,00 денари, што претставува 59,77% од вкупниот износ на одобрени средства. Нереализираниот дел од средствата согласно со член 37-б, став 6 од Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната 2022 година;
- од расходите од донација реализирани се 30.848.334,00 денари, што претставува 68,55% од вкупниот предвиден износ, а во согласност со предвидената проектна динамика. Останатиот дел од средствата во износ од 14.151.666,00 денари согласно со член 37-б, став 6 од Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната 2022 година, заради што Министерството за финансии врз основа на барање за проширување изврши проширување на Буџетот на ОТА за 2022 година, на наменската сметка за донација за истиот износ.

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

Реализацијата на средствата на ОТА за 2021 година распределени по ставки е како што следи:

| Ред.број | Ставка | Реализирани износи по ставки во денари |
|---|---|---|
| 1. | 401-20 | 20.468.880,00 |
| 2. | 402-20 | 9.756.642,00 |
| 3. | 404-20 | 225.000,00 |
| 4. | 420-20 | 184.356,00 |
| 5. | 421-20 | 1.838.994,00 |
| 6. | 423-20 | 142.856,00 |
| 7. | 424-20 | 43.480.878,00 |
| 8. | 425-20 | 8.924.507,00 |
| 9. | 426-20 | 879.064,00 |
| 10. | 464-20 | 81.304,00 |
| 11. | 480-20 | 18.795.389,00 |
| 12. | 481-20 | 0,00 |
| 13. | 483-20 | 0,00 |
| 14. | 485-20 | 39.897.278,00 |
| ВКУПНО | | 144,675,148.00 |

Имајќи во предвид дека Оперативно-техничката агенција со работа започнува во ноември 2018 година, воспоставувајќи се како сосема нова институција, почнувајќи ја својата дејност од почеток во сите аспекти и исправајќи се притоа низ низа предизвици, со реализацијата на одобрениот буџетот во 2021 година е постигнат значителен напредок во реализацијата на стратешките приоритети и цели на Оперативно-техничката агенција како што се: унапредување на системите и зајакнување на безбедноста на ИТ инфраструктурата, подобрување на функционалностите на системот на комуникација помеѓу сите учесници во процесот на законско следење на електронските комуникаци и зајакнување на организационите капацитети на ОТА.

Како еден од предизвиците со кој продолжува да се соочува ОТА е трајното решавање на прашањето за нејзино просторно сместување и адаптирање, при што административните пролонгирања на решавањето на релевантни прашања влијаеа и на (не)реализацијата на одредени ставки од Буџетот на ОТА иако за тоа беа планирани и обезбедени средства (ова особено се однесува на ставките 481 и 483, а влијае и во реализацијата на ставките 421 и 425).

VII.ОБЈАВУВАЊЕ

Овој Годишен извештај за работењето на ОТА за 2021 година се доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на февруари 2022 година и истиот се објавува на видливо место на интернет страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ

ДИРЕКТОР,

Зоран Ангеловски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Оперативно-техничка агенција / Agjencia teknike-operative
* СКОПЈЕ / SHKUP *